5) засновање на работен однос на:
- неопределено време или
- определено време.“

Член 3

Насловот на Главата IV "КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ " се менува и гласи: “ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ " .

Член 4

Во членот 56 став 1 зборовите: "Со парична казна од 25.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на:".

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Глоба во износ од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.“

Член 5

Во членот 57 ставот 1 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место за прекршокот на работодавач, ако:“.

Ставот 2 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место за прекршокот од ставот 1 точките 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

“Покана за плаќање на глобата од ставовите 1 и 2 на овој член на сторителот на прекршокот ќе му врачи инспекторот на трудот на местото на прекршокот.“

Член 6

По членот 57 се додава нов член 57-а, кој гласи:

"Член 57-а

Ако инспекторот на трудот утврди дека е сторен прекршок од членовите 56 и 57 на овој закон, е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.

За прекршоците од членовите 56 и 57 на овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд."

Член 7

Во членот 58 ставот 1 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот на поединец кој:".

Ставот 2 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на работникот определен за водење на евиденција кој во евиденцијата ќе запише неточни податоци (член 52 став 4).“

Член 8

Во целиот текст на Законот зборот "работодавец" во кој било род и број се заменува со зборот "работодавач".

Член 9

Во целиот текст на Законот зборот „Завод“ се заменува со зборот „Агенција“.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

---

# L I G J
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR EVIDENCAT NË SFERËN E PUNËS

Neni 1

Në Ligjin për evidencat në sferën e punës (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 16/2004) në nenin 15 pas fjalës "formular" shtohen fjalët: "dhe mënyrë".

Neni 2

Neni 17 ndryshon si vijon:

"Fletëparaqitja për themelimin e marrëdhënies së punës dhe sigurim përmban këto të dhëna:

1) emrin e punëdhënësit,

2) numrin unik të amzës së punëdhënësit dhe numrin rendor të njësisë afariste;

3) ditën, muajin dhe vitin e themelimit të marrëdhënies së punës;

4) mënyrën e themelimit të marrëdhënies së punës të punëtorit:
- me publikimin e shpalljen publike në shtypin ditor nga punëdhënësi,
- me ndërmjetësimin e Agjencisë,
- me shpallje në Agjenci, ose
- me ndërmjetësimin e agjencisë për ndërmjetësim gjatë punësimit;

5) themelimin e marrëdhënies së punës në:
- kohën e pacaktuar, ose
- kohën të caktuar."

Neni 3

Titulli i Kreut IV “DISPOZITA NDËSHKUESE” ndryshon si vijon: “DISPOZITA PËR KUNDËRVAJTJE”.

Neni 4

Në nenin 56 paragrafi (1) fjalët: “Me dënim me para prej 25 000 deri 250 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje” zëvendësohen me fjalët: “Gjobë në shumë prej 2 000 deri 4 000 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet për kundërvajtje”.

Pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2) si vijon:

"Gjobë në shumë prej 1 000 deri në 5 000 euro me kundërvlerë në denarë për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni do t'i kumtohet drejtorit, përkatësisht personit tjetër përgjegjës te punëdhënësi:"

Neni 5

Në nenin 57 paragrafi 1 ndryshon si vijon:

“Gjobë në shumë prej 500 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet në vendngjarje për kundërvajtje të punëdhënësit, nëse:”

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 200 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet vendngjarje për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i pikat 1, 2, 3, 4 dhe 5 këtij neni drejtorit, përkatësisht personit tjetër përgjegjës te punëdhënësi:"

Pas paragrafit 2 shtohet paragrafi i ri 3, si vijon:

”Thirrje për pagesën e gjobës nga paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni kryerësit të kundërvajtjes do t’ia dorëzojë inspektori i punës në vendngjarjen e kundërvajtjes."

Neni 6

Pas nenit 57 shtohet neni i ri 57 –a si vijon:

“Neni 57-a

Nëse inspektori i punës konfirmon se është kryer kundërvajtje nga nenet 56 dhe 57 të këtij ligji, është i detyruar që kryerësit të kundërvajtjes t’ia propozojë procedurën e barazimit, në pajtim me Ligjin për kundërvajtje.

Për kundërvajtjet nga nenet 56 dhe 57 të këtij ligji, procedurë për kundërvajtje mban dhe sanksion për kundërvajtje kumton gjykata kompetente.” "

Neni 7

Në nenin 58 paragrafi 1 ndryshon si vijon:

“Gjobë në shumë prej 200 deri 500 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet për kundërvajtje individit i cili:

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 200 deri në 500 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni punëdhënësit të caktuar për mbajtjen e evidencës, i cili në evidencë do të shënojë të dhëna të pasakta (neni 52 paragrafi 4)".

Neni 8

Në tërë tekstin e ligjit fjala “punëdhënës” në çfarëdo gjinie dhe numër zëvendësohet me fjalën “punëdhënës”.

Neni 9

Në tërë tekstin e ligjit fjala "Ent" zëvendësohet me fjalën "Agjenci"

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**1933.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## **У К А З**
## **ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 јули 2008 година.

Бр. 07-3288/1
31 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## **З А К О Н**
## **ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 16/2004 и 55/2007), во членот 15 став 5 зборовите: „Министерство за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите: „Министерот за труд и социјална политика”, а зборовите: „Правилник за обрасците на пријави за матична евиденција” се заменуваат со зборовите: „Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на обрасците на пријави за матична евиденција”.

Член 2

Во членот 16 ставот 1 се менува и гласи:

„Пријавата за осигурување ги содржи податоците од членот 8 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 5, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 15, 16 и 22 на овој закон.”

Член 3

Во членот 24 став 1 бројот “30” се заменува со бројот “15”.

Член 4

Во членот 25 став 4 бројот “30” се заменува со бројот „15”.

Член 5

Насловот на Главата IX “КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ” се менува и гласи: “ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ”.

Член 6

Во членот 34 став 1 воведната реченица се менува и гласи: „Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на работодавачот, ако:”.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице кај работодавачот.“

Член 7

Во членот 35 зборовите: „Со парична казна во износ од 5.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице што врши дејност, индивидуалниот земјоделец“ се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 400 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на работодавачот“.

Член 8

Во членот 36 зборовите: „Со парична казна во износ од 5.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок“ се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 400 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„За прекршоците од членовите 34,35 и 36, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.“